# ИЗВЕШТАЈ ВО СЕНКА

## ОД СЛЕДЕЊЕТО НА РАБОТАТА И ЕФЕКТИТЕ НА СЕКТОРСКАТА РАБОТНА ГРУПА ЗА КОНКУРЕНТНОСТ И ИНОВАЦИИ

*јануари – декември 2020*



СО ДИЈАЛОГ КОН ЕУ

# ИЗВЕШТАЈ ВО СЕНКА

## ОД СЛЕДЕЊЕТО НА РАБОТАТА И ЕФЕКТИТЕ НА СЕКТОРСКАТА РАБОТНА ГРУПА ЗА КОНКУРЕНТНОСТ И ИНОВАЦИИ

*јануари – декември 2020*

Проектот е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

РЕАКТОР истражување во акција

ЕВРОТИНК ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ
CENTER FOR EUROPEAN STRATEGIES EUROTHINK
eurothink.mk

# ИЗВЕШТАЈ ВО СЕНКА ОД СЛЕДЕЊЕТО НА РАБОТАТА И ЕФЕКТИТЕ НА СЕКТОРСКАТА РАБОТНА ГРУПА ЗА КОНКУРЕНТНОСТ И ИНОВАЦИИ ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ – ДЕКЕМВРИ 2020

Издавач:
Фондација Отворено општество – Македонија

За издавачот:
Фани Каранфилова – Пановска, извршна директорка

Автори:
Сабина Факиќ
Александар Колекески, за основните информации за програмирање на ИПА 3 (2021-2027)
Ирина Јолевска, за родовата перспектива во секторските работни групи

Уредници:
Данче Даниловска – Бајдевска
Нада Наумовска
Сандра Анастасовска Кузмановски

Графичка подготовка:
Кома

Лектура:
Елеонора Стојковска Попетреска

Превод:
Катерина Димишковска

---

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

339.137.2(497.7)"2020"(047)
001.895(497.7)"2020"(047)

ФАКИЌ, Сабина
Извештај во сенка од следењето на работата и ефектите на секторската работна група за конкурентност и иновации [Електронски извор] : јануари - декември 2020 / [автори Сабина Факиќ, Александар Колекески, Ирина Јолевска]. - Скопје : Фондација Отворено општество - Македонија, 2021

Начин на пристапување (URL): https://eur01.safelinks.protection.outlook.com/?url=https%3A%2F%2Fwww.dijalogkoneu.mk%2F&data=04%7C01%7C%7C03fcca935f7446d13e5308d9736e8639%7C6dd6692964ee4888a65ab847baf12c47%7C0%7C0%7C637667740804923629%7CUnknown%7CTWFpbGZsb3d8eyJWIjoiMC4wLjAwMDAiLCJQIjoiV2luMzIiLCJBTiI6Ik1haWwiLCJXVCI6Mn0%3D%7C1000&sdata=5WH3ay5%2FFjvOlkLtmnYJPXZ%2Bar8%2B0zX%2BMoJWoqtfop0%3D&reserved=0. - Текст во PDF формат, содржи 42 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 07.09.2021. - Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 42

ISBN 978-608-218-343-5

1. Колекески, Александар [автор] 2. Јолевска, Ирина [автор]
а) Иноваторство -- Македонија -- 2020 -- Извештаи б) Конкурентност -- Македонија -- 2020 -- Извештаи

COBISS.MK-ID 54878469

---

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Фондацијата Отворено општество – Македонија, Центар за европски стратегии – Евротинк, Реактор – Истражување во акција и Центар за граѓански комуникации и не нужно ги одразува ставовите на Европската унија.

# СОДРЖИНА


ПРЕДГОВОР 5

ВОВЕДНИ ИНФОРМАЦИИ 7

МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП 9

**ДЕЛ 1: СЕКТОРСКИ ПОЛИТИКИ** 11

**ДЕЛ 2: ФУНКЦИОНАЛНОСТ НА СРГ** 15

2.1 Деловник за работа 15

2.2 Годишен план 17

**ДЕЛ 3: ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО** 19

**ДЕЛ 4: КАПАЦИТЕТИ НА ГО** 23

**ДЕЛ 5: ЕФЕКТИ ОД РАБОТАТА НА СРГ** 25

5.1 Основни информации за програмирање на ИПА 3 (2021-2027) 26

5.1.1 Стратегиски одговори и акциско фише за конкурентност и иновации 30

**ДЕЛ 6: РОДОВА ПЕРСПЕКТИВА ВО 12-ТЕ СЕКТОРСКИ РАБОТНИ ГРУПИ** 35

6.1 Наоди од мониторингот на работата на секторските работни групи 36

6.1.1 Состаноци на СРГ 36

6.1.2 Обуки 37

ФИНАЛНИ ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ 41

ФИНАЛНИ ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ВО ОДНОС НА РОДОВАТА ПЕРСПЕКТИВА ВО 12-ТЕ СЕКТОРСКИ РАБОТНИ ГРУПИ 41

КОРИСТЕНИ МАТЕРИЈАЛИ 42



# ПРЕДГОВОР

Проектот „Дијалог со граѓанските организации – Платформа за структурно учество во ЕУ-интеграциите" е посветен на структурното учество на граѓанското општество, кое ги изразува ставовите на граѓаните, за да влијае на клучните секторски реформи во процесот на пристапување во ЕУ. Секторските работни групи[1] ги сметаме за исклучително значаен консултативен механизам за структурното учество на граѓанското општество и форум каде што се дизајнираат националните политики и се кројат реформските процеси на државата. Затоа, преку второто издание на 12-те извештаи во сенка за работењето на секторските работни групи во 2020 година, се обидуваме да ги приближуваме до јавноста и критички да ги анализираме поставеноста, функционалноста и ефикасноста на секторските работни групи (СРГ).

За да се подготви второто издание на 12-те извештаи во сенка за работењето на секторските работни групи во периодот јануари – декември 2020 г., набљудувачите на Проектот следеа 17 од 19 одржани состаноци на секторските работни групи. За нашите наоди од следените состаноци и анализираните секторски политики дискутиравме преку 11 интервјуа со ИПА-координаторите од министерствата што претседаваат со секторски работни групи, како и со 34 претставници на граѓанските организации што се дел од СРГ. Дополнително, промените во 2020 г. во однос на наодите од 2019 г., ги поткрепивме преку испратените 312 барања за пристап до информации од јавен карактер поврзани со работењето на СРГ во 2020 година.

1 Секторските работни групи претставуваат формален механизам за консултација и соработка меѓу институциите на извршната власт (министерствата), граѓанските организации, донаторската заедница, како и другите заинтересирани страни. До изработката на овој извештај, во Република Северна Македонија се основани 12 секторски работни групи со надлежности во различни области, со цел да се воспостави секторскиот приод.

Општата оценка е дека се забележува одреден напредок во работењето на СРГ и покрај исклучителната година, која поради пандемијата со ковид-19, постави предизвици за целокупното општество. Напредокот е, пред сè, забележан во транспарентноста на работењето на СРГ, преку зголемениот пристап на објавени информации од значење за СРГ. Понатаму, во 2020 се одржаа 19 пленарни состаноци, наспроти 12-те одржани во 2019 година. Но, и покрај благото зголемување на бројот на состаноците, СРГ сè уште не се среќаваат според деловнички определената фреквенција, преку која би можело да се гарантираат посветеноста на секторските политики и имплементирањето на реформските определби. Секторските работни групи имаат задоволителен степен на функционалност, која е утврдена во голема мера со деловниците за работа, но тие недоволно ги регулираат улогата и позицијата на граѓанските организации во СРГ. Имајќи предвид дека проектот „Дијалог со граѓанските организации – Платформа за структурно учество во ЕУ-интеграциите“ во централен фокус ги има граѓанските организации и нивното ефикасно вклучување при креирањето на политиките, извештајот што е пред вас става акцент токму на унапредувањето на улогата на граѓанските организации во секторските работни групи.

# ВОВЕДНИ ИНФОРМАЦИИ

## СРГ ЗА КОНКУРЕНТНОСТ И ИНОВАЦИИ

**ФОРМИРАНА ВО:** 2015 година

**БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ:** Податокот не е јавно достапен, а не е обезбеден ниту преку Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

**ПРЕТСТАВНИЦИ НА ГО:** 0

**БРОЈ НА ОДРЖАНИ СЕДНИЦИ ВО 2020:** Еден состанок, 22.6.2020 година

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СРГ ЗА КОНКУРЕНТНОСТ И ИНОВАЦИИ:** Заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции



# МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

За потребите на овој извештај комбиниравме повеќе истражувачки методи за собирање, обработка и анализа на податоците. Истражувањето беше поделено на деск-истражување и теренско/онлајн-истражување.

Во рамките на деск-истражувањето беше направена детална анализа на документи, закони и стратегии кои се од важност за работата на оваа СРГ *(повеќе информации видете во делот **користени материјали**)*. Покрај тоа поднесовме **22 барања за информации од јавен карактер** до кабинетот на заменик-претседателот на Владата задолжен за економски прашања како надлежни за работата на оваа СРГ. Сепак и покрај неколкуте обиди од наша страна, не добивме одговор на ниту едно од нашите барања.

Што се однесува до теренскиот/онлајн делот на истражувањето спроведовме **интервју**[2] со координаторот од страна на државните службеници од кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, како и **интервју**[3] со претставник на Стопанска комора на РСМ. Воедно, истражувачкиот тим присуствуваше во улога на набљудувач на **едниот состанок** на СРГ кој беше одржан во периодот на мониторинг.

Според методологијата за мониторинг, работата на секторските работни групи ја следевме во рамки на пет сегменти:

- Функционалност на СРГ;
- Граѓанско учество во СРГ;
- Капацитети на ГО за придонес и учество во работата на СРГ;
- Ефекти од работата на СРГ;
- ИПА.

2 Интервјуто со координаторот од кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања беше одржано на 11.5.2021

3 Интервјуто со претставник на Стопанската комора на РСМ беше одржано на 11.5.2021



# ДЕЛ 1

## СЕКТОРСКИ ПОЛИТИКИ

Во текот на 2020 година во секторот не е донесен ниту еден стратешки документ или законско решение. Но, се работело на подготовка на две релевантни законски решенија чие јавно објавување е поместено во првите месеци на 2021 година.

Првиот е нов Предлог-закон за јавно-приватно партнерство, чиј текст е објавен во март 2021 година на Единствениот национален електронски регистар на прописи - ЕНЕР со што беше овозможено информирање и вклучување на јавноста во изготвувањето на ова законско решение. Носењето на нов закон во областа на јавно-приватно партнерство, чиј предлагач е Министерството за економија, е образложено со потребата за транспонирање на Директивата 2014/23/ЕУ за доделување на договорите за концесија и понатамошното усогласување со најдобрите стандарди и меѓународни практики во соодветната област, односно изготвување стабилна и конзистентна законска рамка за доделување договори за јавно-приватно партнерство, вклучително и концесиите како вид јавно-приватно партнерство.

Второ законско решение  е Предлог-законот за инсолвентност, чиј нацрт-текст е исто така објавен на ЕНЕР во март 2021 година. Нацрт-законот за инсолвентност е изготвен од страна на Министерството за економија во соработка со Меѓународната финансиска корпорација – IFC (групација на Светска банка). Со изготвување на Законот треба се овозможи заштита

на инвеститорите и нивните бизниси, пофлексибилна и поедноставна постапка за малите бизниси, појаснување на условите за учество на доверителите во стечајните постапки. Исто така се предвидуваат одредби за навремено реструктурирање на претпријатијата со потешкотии со цел должникот да преговара за опциите за намирување на долгот со своите доверители. Воедно се врши усогласување со Директивата 2019/1023 на Европскиот парламент и Советот од 20.6.2019 година, за рамката за превентивно преструктурирање, за ослободување од долгот и дисквалификациите и за мерките за зголемување на ефикасноста на постапките во врска со преструктурирањето, инсолвентноста и ослободување од долгот, како и со Измени и дополнувања на Директивата ЕУ 2017/1132 (Директива за преструктурирање и инсолвентност).

Иако беше најавено, во 2020 година не е финализирана Стратегијата за паметна специјализација, како сеопфатен модел за одржлив економски раст. Целта е стратегијата да се поврзе и да додаде вредност на индустриската политика, како и стратегиите за конкурентност, иновации, истражување и развој. Доцнењето во финализирањето на стратегијата е образложено со вонредните услови настанати со пандемијата на ковид-19.





# ДЕЛ 2

# ФУНКЦИОНАЛНОСТ НА СРГ

## 2.1 ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА

Секторската работна група за конкурентност и информации има Деловник, но тоа е општиот Деловниот развиен од страна на Секретаријатот за европски прашања - СЕП како основа за сите секторски работни групи. Деловникот на оваа секторска работна група не е јавно објавен.

Оваа СРГ нема решение за формирање, бидејќи е формирана во 2015 година, во организација и под иницијатива на СЕП. Од СРГ објаснуваат дека немаат посебно решение за формирање бидејќи не се дел од Владата и затоа работат под општото решение за формирање на сите работни групи. Оттука, СРГ нема фиксно утврден состав на членови од министерствата, другите државни институции и т.н. недржавни актери.

Записникот од едниот одржан пленарен состанок на секторската работна група во 2020 година не е јавно достапен, а не беше доставен ниту како одговор на барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено до Кабинетот на заменик-претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции. Во добиениот одговор беше наведено дека сите информации за рабо-

тата на СРГ за конкурентност и иновации со кои се располага се објавени на веб-страниците на **Кабинетот на заменик-претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции** и на **Секретаријатот за европски прашања**. Но, на посочените веб-страници не беа достапни никакви документи поврзани со работата на секторската работна група. Инаку, во листата документи кои беа побарани, покрај записниците од одржаните пленарни седници и оперативни состаноци за СРГ за конкурентност и иновации во 2020 година, беа побарани и информации за бројот на одржани седници и состаноци минатата година, потоа материјалите кои биле разгледувани на нив, дневни редови на седниците и состаноците, годишниот план за работа на СРГ за 2020 и 2021 година, годишниот извештај за работата на СРГ за 2020 година, усвоените индикатори за проценка на перформансите за СРГ, стратешките одговори поврзани со работата на СРГ, листа на консултирани претставници на граѓански организации, експерти и надворешни соработници во рамки на работата на СРГ во текот на 2020 година итн. По одбивањето на Кабинетот на заменик-претседателот на Владата задолжен за економски прашања да ги достави побраните документи и информации следуваше жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. Агенцијата ја уважи доставената жалба и предметот го врати на повторно одлучување. По ова решение Кабинетот на заменик-претседателот на Владата задолжен за економски прашања преку Генералниот секретаријат на Владата се прогласи дека не е имател на побараните информации и дека согласно членот 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, доставеното барањето го препратил до Секретаријатот за европски прашања и до Министерството за надворешни работи. Ваквиот став претставува вистинско изненадување. Но, не и одговорот добиен од Министерството за надворешни работи со известување дека Министерството нема свој претставник во Секторската работна група за конкурентност и иновации и не располага со бараната информација. Од Секретаријатот за европски прашања иако е изминат законскиот рок не е добиен одговор.

Од сето ова може да се заклучи дека во СРГ не водат записници од одржаните седници и не ги објавуваат јавно.

## 2.2 ГОДИШЕН ПЛАН

Секторската работна група за конкурентност и иновации не изготвува годишни планови за работа кои би биле усогласени со индикативниот календар за програмирање на ИПА и би се подготвувал со учество на сите членови на Секторската работна група. Не се изготвува и усвојува ниту годишен извештај од работење во кој би се рефлектирале остварувањата на секторската работна група за конкурентност и иновации.

## ОЦЕНКА НА ДЕЛ 2: ФУНКЦИОНАЛНОСТ НА СРГ

Според методологијата за мониторинг на работата и ефектите од секторските работни групи, **функционалноста на СРГ** ја мериме преку 14 стандарди и осум показатели кои се фокусираат на тоа дали СРГ ги креирала потребните документи за работа (Деловник и Годишен план и извештај) и каква е нивната примена во пракса. За сите стандарди и показатели е зададена нумеричка вредност, при што 1 е најниско ниво, а 3 е највисоко ниво.

> Средната оценка за Делот 2: Функционалност на СРГ за конкурентност и иновации во мониторираниот период е 1.0.





# ДЕЛ 3

## ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО

Секторската работна група за конкурентност и иновации и во 2020 година не вклучи во својата работа граѓански организации, ниту како членови ниту набљудувачи. Останува декларативниот став на претставниците на оваа секторска работна група дека се отворени за граѓанските организации иако велат дека формалното членството според нив може да биде ограничувачки, но порачуваат дека секој кој сака да учествува во работата на СРГ може да им се обрати и тие ќе го канат на нивните состаноци. Овој став на ИПА-координаторот води кон оценката дадена за оваа СРГ и во минатиот извештај дека вклучувањето на граѓанските организации во работата на секторската работна група не било предмет на интерес и дека не се вложувани напори во насока на запознавање на претставниците на граѓанското општество за работењето на секторската работна група и за вклучувања во нејзината работа. Имено, не е направен обид за јавно објавување на повик до граѓанските организации за вклучување во оваа секторска работна група, ниту, пак, се комуницирани релевантни механизми кои можеле да го овозможат тоа, како што е Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор како советодавно тело на Владата за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор во Република Северна Македонија.

Од „недржавни актери“ во работата на оваа секторска работна група учествуваат претставници на 4 стопански комори:

- Стопанска комора на РСМ;
- Сојуз на стопански комори;
- Стопанска комора на Северозападна Македонија;
- Организација на работодавачи на Македонија.

Во работата на секторската група стопанските комори учествуваат со повеќе претставници и нивното присуство зависи од дневниот ред на состаноците. Ова говори дека членството во секторската работна група е на ниво на институции, а не на ниво на поединци.

Според добиените информации од претставник на стопанска комора во 2020 година, тие не биле поканети да присуствуваат на единствената седница одржана во текот на 2020 година. Од СРГ ваквите ситуации ги препишуваат на евентуални технички грешки.

## ОЦЕНКА НА ДЕЛ 3:
## ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО

Според методологијата за мониторинг на работата и ефектите од секторските работни групи, **граѓанското учество во СРГ** го мериме преку девет стандарди и три показатели кои се фокусираат на бројот и статусот на ГО вклучени во работата на СРГ. Воедно во нив се опфаќа и редовното и навремено споделување на поканите и потребните материјали за состаноците со ГО, како и можностите што ги добиваат да се вклучат во дискусиите пред, за време и по завршувањето на самите состаноци. За сите стандарди и показатели е зададена нумеричка вредност, при што 1 е најниско ниво, а 3 е највисоко ниво.

> Средната оценка за Делот 3: Граѓанско учество во СРГ за конкурентност и иновации во мониторираниот период е 1.0.







# ДЕЛ 4

# КАПАЦИТЕТИ НА ГО

Секторската работна група нема членови од редот на граѓанските организации за да се оценува нивниот капацитет.

> Средна оценка за Делот 4: Капацитети на граѓанските организации Н/А



# ДЕЛ 5

## ЕФЕКТИ ОД РАБОТАТА НА СРГ

Секторската работна група за конкурентност и иновации иако треба да има најмалку четири состаноци годишно, во 2020 година одржала само еден состанок. Станува збор за онлајн-состанок одржан на 22.6.2020 година, на кој што се разговарало за ИПА 3. Иако е одржана само една седница, ИПА-координаторот на секторската работна група оценува дека успешно ја завршиле работата со оглед на околностите со ковид-кризата во однос на дефинирање на приоритетите за ИПА 3. За стратешки одговори за ИПА 3 – WINDOW 4 – Priority 2 – развој на приватниот сектор се поставени три главни области, кои се релативно широки:

- развој на приватен сектор, подобрена бизнис-околина, технолошки стандарди...
- интернационализација на фирмите, градење на капацитети за поголеми инвестиции на фирмите, поттикнување на странски директни инвестиции
- иновации, истражувања и развој

Во секторската работна група тврдат дека редовно ја следат реализацијата на странската помош и впрочем во координацијата на институциите во однос на утврдување на проектите кои ќе ја добијат поддршката на донаторите ја гледаат својата главна улога. Имено, на СРГ не се гледа како на

механизам за поставување приоритети и креирање стратегии, туку механизам да се дискутира за нив.

Од СРГ за конкурентност и иновации истакнуваат дека одредено влијание врз сегашното работење на оваа СРГ има промената во улогата на секторските работни групи којашто настанала во меѓувреме. Имено, СРГ биле формирани како начин за утврдување на единствена листа на проекти под координација на СЕП. Во меѓувреме, во постојната структура на СРГ е прелеан и секторскиот пристап од ИПА 2-структурата. Соодветно на тоа, во работата на СРГ бил додаден и системот на планирање.

Според дел од стопанските комори, пак, во оваа секторска работна група треба да се дискутира за политиките и правците на поттикнување на конкурентноста и иновациите и да се примени модел на тројна спирала на иновација (Triple helix model of innovation), низ соработка на бизнис-заедницата, академската заедница и државните институции.

Во насока на подобрување на видливоста на работата на Секторската работна група за конкурентност и иновации ИПА, координаторот предлага Секретаријатот за европски прашања да изготвува календар на активности на сите секторски работни групи и кај нив да се креира депозитар на документи што се релевантни за секторските работни групи.

## 5.1 ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОГРАМИРАЊЕ НА ИПА 3 (2021-2027)

Инструментот за претпристапна помош ИПА 3 е за програмскиот период 2021-2027 година. Европската комисија го воведува овој инструмент со новата Финансиска перспектива на Европската Унија. Процесот за програмирање, кој се одвиваше во текот на 2020 година, првично започна со изработка на ПАФ-индикатори[4], па потоа со стратегиски одговори и акциски фишеа за проекти.

ИПА 3 се воведува со усвојување на Регулатива за воспоставување на Инструментот и Регулатива со правила и принципи за спроведување на ИПА 3[5] од страна на Европската Унија, кои се поврзуваат со други фондови, програми и инструменти на Унијата, а првенстве-

4 Performance Assessment Framework (PAF)

5 Regulation of the European Parliament and of the Council establishing the Instrument for Pre-accession Assistance (IPA III) COM/2018/465 final.

но со Инструментот за соседство, развој и меѓународна соработка[6]. Според структурата, ИПА 3 е поделена на 5 прозорци:

1. Владеење на правото, фундаментални права и демократија;
2. Добро владеење, усогласување на законодавството, добрососедски односи и стратешка комуникација;
3. Зелена агенда и одржлива поврзаност;
4. Конкурентност и инклузивен раст;
5. Територијална и прекугранична соработка.

Секој прозорец се состои од тематски приоритети и тоа:

**ТАБЕЛА 1:**
*Прозорци и тематски приоритети на ИПА 3*

| ПРОЗОРЕЦ 1: ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО, ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА И ДЕМОКРАТИЈА | ПРОЗОРЕЦ 2: ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ, УСОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОДАВСТВОТО, ДОБРОСОСЕДСКИ ОДНОСИ И СТРАТЕШКА КОМУНИКАЦИЈА |
|---|---|
| ◆ Правосудство<br>◆ Борба против корупција<br>◆ Борба против организиран криминал<br>◆ Миграција и управување со граници<br>◆ Фундаментални права<br>◆ Демократија<br>◆ Граѓанско општество | ◆ Добро владеење<br>◆ Административни капацитети и усогласување на националното законодавство со европското законодавство<br>◆ Добрососедски односи и помирување<br>◆ Стратешка комуникација, мониторинг, евалуација и комуникациски активности |
| **ПРОЗОРЕЦ 3: ЗЕЛЕНА АГЕНДА И ОДРЖЛИВА ПОВРЗАНОСТ** | **ПРОЗОРЕЦ 4: КОНКУРЕНТНОСТ И ИНКЛУЗИВЕН РАСТ** |
| ◆ Животна средина и климатски промени<br>◆ Транспорт, дигитална економија и енергетика | ◆ Образование, вработување, социјална заштита и инклузивни политики и здравство<br>◆ Развој на приватен сектор, трговија, истражување и иновации<br>◆ Земјоделство и рурален развој<br>◆ Рибарство |

6 Neighbourhood, Development and International Cooperation Instrument (NDICI)

**ПРОЗОРЕЦ 5: ТЕРИТОРИЈАЛНА И ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА**

Овој прозорец се состои од посебна листа на тематски приоритети дадени со анекс 2 на ИПА 3 регулативата[7]. Модалитетите на спроведување на оваа компонента се преку:

- Прекугранична соработка со ИПА земјите;
- Учество во микро регионални стратегии.

Според Регулативата за воспоставување на ИПА 3, Европската комисија предлага Програмска рамка за периодот 2021-2027 година, која се состои од сите приоритетни области предвидени за финансирање. Врз основа на програмската рамка, секоја ИПА 3 држава подготвува стратегиски одговор со образложение за поврзаноста на ЕУ приоритетите со националните и секторските стратегиски документи, а во следна фаза и проектите.

Во ИПА 3 средствата нема да се распределуваат според одделни алокации наменети посебно за секоја држава. Од вкупните 14.162 милијарди евра државите ќе мора да конкурираат со своите расположливи капацитети и проекти за добивање дел од средствата. Сепак, се воведува и принципот на фер распределба[8] за одреден баланс и рамномерна распределба на вкупните ИПА 3 средства помеѓу државите корисници.

Програмирањето на ИПА 3 се спроведува во две фази.

1. Проценка на релевантност. Во оваа фаза се изготвуваат сумарни акциски фишеа со образложенија на предлог-проектите на државата. Европската комисија ги оценува овие фишеа од аспект на нивната релевантност.
2. Проценка на зрелост. Во оваа фаза се изготвуваат акциски документи, само за оние проекти што ја поминале проценката на релевантност, по што целосно се образложуваат. Европската комисија ги оценува проектите според нивната зрелост. По одобрувањето на акциските документи, државата доставува до Европската комисија тендерски документи за проектите одобрени во двете фази, по што следува склучување финансиски спогодби за одделните акциски документи.

7 COM/2018/465

8 Fair share

## ГРАФИКОН 1.

*Циклус за програмирање на ИПА 3*




Процесот на програмирање на стратегиските документи и акциските програми за 2021 и 2022 година, како и за следните програмски години, предвидено е да се организира во рамките на постојните секторски работни групи (СРГ-а), воспоставени со секторскиот приод на ИПА 2.

Во текот на втората половина на 2020 година, секторските работни групи, под координација на Секретаријатот за европски прашања, развија и доставија до Европската комисија 22 акциски фишеа, од кои 10 за 2021[9] и 12 за 2022[10] година.

## ТАБЕЛА 2. *Акциски фишеа за ИПА 3 за 2021 и 2022 година*

| АКЦИСКИ ФИШЕА 2021 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ИМЕ НА АКЦИСКОТО ФИШЕ | ИНДИКАТИВЕН БУЏЕТ | СООДНОС НА ФИНАНСИРАЊЕ | |
| | | | ЕУ | МК |
| 1. | Судство и антикорупција | 10 милиони евра | 85% | 15% |
| 2. | Граѓанско општество [11] | 3 милиони евра | / | / |
| 3. | ЕУ за модерна администрација | 10 милиони евра | 100% | 0% |
| 4. | Добро владеење | 9 милиони евра | 89% | 11% |
| 5. | Интеграција во Европската Унија[12] | 5 милиони евра | 100% | 0% |
| 6. | Стандарди за животна средина | 12 милиони евра | 83% | 17% |
| 7. | ЕУ за чист воздух | 14 милиони евра | 86% | 14% |

9 https://www.sep.gov.mk/data/file/Dokumenti/Akciski%20fisea/2021.zip
10 https://www.sep.gov.mk/data/file/Dokumenti/Akciski%20fisea/2022.zip
11 Civil Society Facility
12 EU Integration Facility

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. ЕУ за Преспа | 23,7 милиони евра | 76% | 24% |
| 9. Подготовка на транспортни проекти | 9,5 милиони евра | 100% | 0% |
| 10. ЕУ за зелен раст | 27,5 милиони евра | 73% | 27% |
| АКЦИСКИ ФИШЕА 2022 | | | |
| ИМЕ НА АКЦИСКОТО ФИШЕ | ИНДИКАТИВЕН БУЏЕТ | СООДНОС НА ФИНАНСИРАЊЕ | |
| | | ЕУ | МК |
| 1. Развој на приватниот сектор[13] | 9,2 милиони евра | 87% | 13% |
| 2. Борба против организираниот криминал | 5,2 милиони евра | 88% | 12% |
| 3. Миграција и управување со границите | 7,8 милиони евра | 90% | 10% |
| 4. Граѓанско општество[14] | 3 милиони евра | / | / |
| 5. Интеграција во Европската Унија[15] | 10 милиони евра | 100% | 0% |
| 6. Програми на Унијата | 15,4 милиони евра | 50% | 50% |
| 7. ЕУ за современи системи за отпадни води | 53 милиони евра | 50% | 50% |
| 8. ЕУ за безбедни патишта | 20 милиони евра | 50% | 50% |
| 9. ЕУ за вработување и еднакви можности | 6,6 милиони евра | 91% | 9% |
| 10. ЕУ за здравство | 5,9 милиони евра | 85% | 15% |
| 11. ЕУ за олеснување на трговијата | 8,1 милиони евра | 72% | 28% |
| 12. ЕУ за земјоделство | 6 милиони евра | 83% | 17% |

### 5.1.1 Стратегиски одговори и акциско фише за конкурентност и иновации

Стратегиските одговори кои се однесуваат на секторот конкурентност и иновации се дел од Прозорец 4 - Конкурентност и инклузивен раст, Тематски приоритет 2: Развој на приватен сектор, трговија, истражување и иновации.

13 Секторско фише со преостанати средства од првата компонента на ИПА 1 од 2012 и 2013 година

14 Ibid

15 Ibid

## ТАБЕЛА 3. *Стратегиски одговори и акциско фише за конкурентност и иновации*

| СЕКТОРСКА РАБОТНА ГРУПА | СТРАТЕГИСКИ ОДГОВОР | КЛУЧЕН ТЕМАТСКИ ПРИОРИТЕТ | АКЦИСКО ФИШЕ | ЦЕЛИ НА АКЦИСКОТО ФИШЕ |
|---|---|---|---|---|
| КОНКУРЕНТНОСТ И ИНОВАЦИИ | ПРОЗОРЕЦ 4: КОНКУРЕНТНОСТ И ИНКЛУЗИВЕН РАСТ **Тематски приоритет 2: Развој на приватен сектор, трговија, истражување и иновации** | (1) Подготовка на земјата за европскиот внатрешен пазар, подобрена регулаторна и институционална рамка за деловно работење и инвестиции<br>(2) Зголемена конкурентност на претпријатијата, зајакнат извоз и диверзификација, интернационализација на економијата, истовремено решавајќи ги предизвиците на циркуларната економија / зелената економија<br>(3) Зајакнување на истражувањата, технолошкиот развој и иновациите | (2021) *ЕУ за зелен раст* – 27,5 милиони евра, 73% ЕУ финансирање | ◆ Инвестирање во систематски, постојан напор за подигнување на вештините во домашните компании<br>◆ Надградба на методите и технологиите и поддршка на паметна економија заснована на национални стратегии -Политики за истражување и иновации. |
| | | | (2022) *Развој на приватниот сектор*[16] – 9,2 милиони евра, 87% ЕУ финансирање | ◆ Институционални капацитети и конкурентно деловно опкружување<br>◆ Софистицираност на пазарот, иновации, пристап до финансии и зголемување на ефикасноста на пазарот и производството |
| | | | (2022) *ЕУ за олеснување на трговијата* – 8,1 милиони евра, 72% ЕУ финансирање | ◆ Имплементација на правото на ЕУ според Поглавје 29: Царинска унија<br>◆ Одржување и деловен континуитет на Системот за обработка на документите за царинска декларација и акцизни документи (ЦДЕПС) и сите други системи за царински ИТ |

16 Секторско фише со преостанати средства од првата компонента на ИПА 1 од 2012 и 2013 година

# ОЦЕНКА НА ДЕЛ 5:
# ЕФЕКТИ ОД РАБОТАТА НА СРГ

Според методологијата за мониторинг на работата и ефектите од секторските работни групи, **ефектите од работата на СРГ** ги мериме преку три стандарди и осум показатели кои се фокусираат на промените што ги предизвикува СРГ преку планирање и мониторинг, како и начините на кои се координира странската помош. За сите стандарди и показатели е зададено нумеричка вредност, при што 1 е најниско ниво, а 3 е највисоко ниво.

> Средната оценка за Делот 5: Ефекти од работата на СРГ за конкурентност и иновации во мониторираниот период е 1.0.







# ДЕЛ 6

# РОДОВА ПЕРСПЕКТИВА ВО 12-ТЕ СЕКТОРСКИ РАБОТНИ ГРУПИ

Вградувањето на родовата перспектива во работењето на секторските работни групи (СРГ) е обврска што произлегува како од националните правни акти, така и од Индикативната стратешка рамка за Инструментот за претпристапна помош 2014 – 2020 година (ИПА 2)[17], Планот за акција за родова еднаквост на Европската Унија (ГАП 2)[18] и правото на Европската Унија (ЕУ) во поширока смисла. Како што беше елаборирано и во претходниот Извештај во сенка, ГАП 2 ја нагласува потребата од вградување на родовата перспектива во програмите и програмирањето на помошта[19], додека ИПА 2 ја вклучува родовата еднаквост како хоризонтална тема, но и како дел од приоритетните области за поддршка[20].

17 European Commission, Instrument for Pre-Accession Assistance (IPA II), Revised Indicative Strategy Paper for the Former Yugoslav Republic of Macedonia (2014-2020). Достапно на: https://bit.ly/3hxZE2W

18 Gender Equality and Women's Empowerment: Transforming the Lives of Girls and Women through European Union (EU) External Relations 2016-2020 (GAP II). Достапно на: https://bit.ly/2Quy3oo

19 Ibid.

20 European Commission, Instrument for Pre-Accession Assistance (IPA II), Revised Indicative Strategy Paper for the Former Yugoslav Republic of Macedonia (2014-2020). Достапно на: https://bit.ly/3hxZE2W

Оваа година беше одбележана од здравствена криза која ги продлабочи постојните родови јазови и нееднаквости. Пандемијата на ковид-19 негативно се одрази врз учеството на жените на пазарот на трудот во РСМ, чијашто стапка на учество беше ниска дури и пред почетокот на кризата; според последните достапни податоци, споредено со 37,7% од мажите[21], економски неактивни се 62,3% од жените[22] во државата. Дополнително, 77% од вработените во здравствениот сектор во РСМ се жени[23], што значи дека жените, во услови на криза, се најдоа во првите борбени редови. Жените се повеќе застапени и во секторите најпогодени од кризата; на пример, 80% од вработените во текстилната индустрија се жени[24]. Оттука, во услови на воспоставени и продлабочени нееднаквости, нивното адресирање преку вклучувањето на родовите перспективи во работата на сите органи и институции, вклучително и преку работата на СРГ, добива уште поголемо значење.

## 6.1 НАОДИ ОД МОНИТОРИНГОТ НА РАБОТАТА НА СЕКТОРСКИТЕ РАБОТНИ ГРУПИ

### 6.1.1 Состаноци на СРГ

На состаноците на СРГ и во текот на 2020 година многу ретко се дискутирало за влијанието на политиките од аспект на родовата еднаквост како хоризонтална тема. Од информациите и податоците добиени до моментот на изготвување на овој Извештај[25] може да се заклучи дека родовата перспектива, како и во 2019 година, била инкорпорирана единствено во работата на две СРГ - за образование, вработување и социјална политика и за земјоделство и рурален развој. Тоа би упатило на заклучок дека СРГ сè уште не ја препознаваат својата клучна улога во унапредувањето на родовата еднаквост пре-

21 Државен завод за статистика (Макстат база на податоци 2019). Работоспособно население според економска активност, полот и возраста, по години. Економска неактивност на мажи. Достапно на: https://bit.ly/3yt39Ov

22 Државен завод за статистика (Макстат база на податоци 2019). Работоспособно население според економската активност, полот и возраста, по години. Економска неактивност на жени. Достапно на: https://bit.ly/3yt39Ov

23 ILO (2020. Covid-19 and the World of Work NORTH MACEDONIA Rapid Assessment of the Employment Impacts and Policy Responses. Достапно на: https://bit.ly/3mGGtV7

24 Ibid.

25 До изготвувањето на овој Извештај, информации и податоци се добиени од ресорните министерства за следните осум СРГ: правда, реформа на јавна администрација, регионален и локален развој, образование, социјална политика и вработување, внатрешни работи, транспорт, управување со јавни финансии и земјоделство и рурален развој.

ку вклучувањето на родовата перспектива при градењето и спроведувањето на секторските политики.

### 6.1.2 Обуки

Една од препораките дадени во Извештајот во сенка за 2019 година беше изготвување на специјално дизајнирани обуки за членовите на СРГ за интегрирање на родовата перспектива во работата, кои би биле дополнување на постојните обуки за родова еднаквост за административните службеници.

Имено, во 2017 година Министерството за труд и социјална политика (МТСП), со поддршка на Телото на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените (UN WOMEN), изготви е-обука за родова еднаквост наменета за зајакнување на знаењата на вработените во администрацијата. Оваа обука се состои од два модула, основен и напреден, а ја спроведува Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) преку електронскиот систем за управување со учење, до кој пристап имаат единствено административни службеници.

Поразителен е фактот што во 2020 година, основниот степен на обуката за родова еднаквост го посетиле само тројца административни службеници, додека напредниот степен не бил посетен од ниту едно лице. За споредба, во 2019 година основниот степен од обуката го посетиле 359, додека напредниот степен 54 административни службеници. Од нејзиното воведување до денес, обуката за родова еднаквост ја посетиле вкупно 11.017 административни службеници. Меѓутоа, и оваа бројка изгледа мала доколку се има предвид дека заклучно со 31.12.2020 година, 131.183 лица имаат засновано работен однос во институции од јавниот сектор[26]. Сепак, тука би требало да се напомене дека оваа обука им е достапна единствено на административните службеници, а не и на другите групи на вработени во институциите на јавниот сектор[27].

Во текот на месец октомври 2020 година, МТСП, во соработка со UN WOMEN и во рамките на проект за родово одговорно буџетирање (РОБ), организирало четири еднодневни обуки за стратешко

26 Министерство за информатичко општество и администрација. Извештај од Регистарот на вработените во јавниот сектор 2020. Достапно на: https://bit.ly/2T3DTxW

27 Согласно член 14 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19 и 14/20), во институциите на јавниот сектор, работните места на вработените се категоризираат во четири групи: административни службеници, службени лица со посебни овластувања, даватели на јавни услуги и помошно-технички лица.

планирање, вклучувајќи ја и родовата перспектива. На овие обуки присуствувале претставници на стручно или раководно ниво во секторите и лица инволвирани во процесот на стратешко планирање и креирање на политиките/програмите во институциите, како и координатор(к)ите или заменик-координатор(к)ите за еднакви можности. На овие четири одржани обуки учествувале 32 претставници од 13 ресорни министерства и една државна институција. Во декември 2020 година била организирана и дводневна онлајн-работилница за вклучување на родовата перспектива во процесот на стратешко планирање на министерствата и примена на програмско буџетирање, на која учествувале 33 претставници од 14 ресорни министерства.





# ФИНАЛНИ ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**1.** Своевидниот бирократски лавиринт во кој беше втурнат обидот за добивање повеќе информации за Секторската работна група за конкурентност и иновации најдобро говори за ограничената транспарентност за работата на оваа СРГ. Обидот да се добијат основни информации и документи за работата на СРГ вклучи дури четири институции (Генерален секретаријат на Владата, СЕП, МНР и Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер), траеше цели 3 месеци и заврши неуспешно. Оттука, неопходно е да се преземат мерки за зголемување на транспарентноста во работењето на ова СРГ.

**2.** Секторската работна група треба да подготвува и јавно да објавува годишни планови за работа, годишни извештаи од работењето, информации за составот на Секторската работна група, дневни редови на состаноците што се одржуваат, записници од состаноците, спроведени консултации со засегнатите страни итн.

**3.** Со оглед на отсуството на преземени активности за вклучување на граѓанските организации во работата на секторската работна група потребно е да се преземат мерки низ транспарентен процес да се обезбеди нивното вклучување.

# ФИНАЛНИ ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ВО ОДНОС НА РОДОВАТА ПЕРСПЕКТИВА ВО 12-ТЕ СЕКТОРСКИ РАБОТНИ ГРУПИ

**1.** Значењето на родовата еднаквост како хоризонтална тема сè уште не се препознава доволно од страна на поголемиот дел на СРГ. И покрај тоа што некои од ресорните министерства извршиле родо-

ва анализа на одредени политики или РОБ на поединечни програми, сепак за нив најчесто не се дискутира и не се земаат предвид при работата и на состаноците на СРГ. Оттука, неопходно е инкорпорирање на родовата перспектива во работата на сите СРГ и употреба на родовите анализи за состојбите во конкретните сектори при градењето, спроведувањето и евалуацијата на ефектите од политиките.

**2.** Се препорачува е-обуката за родова еднаквост да стане дел од рамката за општи компетенции и годишните програми за обуки, со што би се потенцирала нејзината задолжителност и би се овозможил поголем опфат на обучени административни службеници. Дополнително, битно е и материјалот за оваа обука редовно, навремено и континуирано да се ажурира, како би се избегнал ризикот од застарување на содржините. Понатаму, и покрај тоа што спроведувањето на специјално дизајнираните обуки за вклучување на родовата перспектива во процесот на стратешко планирање е чекор напред, сè уште е рано за да се процени нивниот ефект. Се препорачува на обуките и работилниците задолжително да учествуваат и членовите на СРГ. За овие обуки да добијат уште поголемо значење, препорачливо би било да се изврши евалуација на знаењата на учесниците, како и одржувањето на обуките да биде редовно, а не ад-хок.

**3.** Бидејќи препораките од Извештајот во сенка за 2019 година не се целосно земени предвид, сè уште останува и препораката за вклучување на координатор(к)ите или заменик-координатор(к)ите за еднакви можности во СРГ, како и вклучување на претставнички/ци на граѓански организации кои имаат експертиза и работат во областа на родовата еднаквост како поддршка при интегрирањето на родовата перспектива во работата на сите СРГ.

## КОРИСТЕНИ МАТЕРИЈАЛИ

- Деск-анализа на документи релевантни за секторската работна група
- Интервјуа со ИПА-координаторот и претставници на бизнис-заедницата членови на СРГ

